**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

Н А Ц Р Т

# З А П И С Н И К

од Дваесет и седмата (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 28и 29.12.2020 година

Скопје, декември2020 година

З А П И С Н И К
од Дваесет и седмата(дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 28 и 29.12.2020 година

Седница започна во 14:00часот, преку апликацијата ZOOM со употреба на интернет комуникација.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата учествуваа заменичката на претседателката на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација и членовите на Советот: Јасминка Ангелова, Министерство за внатрешни работи; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Елизабета Тодорова, Министерство за економија; Билјана Трајковска, Министерство за образование и наука;Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа;Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања; Томислав Андоновски, Агенција за млади и спорт;Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Теодора Столевска, Здружение на граѓани Младински образовен форум Скопје;Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Северна Македонија Скопје; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово;Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје, Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп;Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Снежана Трпевска, Здружение на новинарите на Македонија Скопје и Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје.

На елктронското гласање кое се одвиваше на веб-локацијата www.nvosorabotka.gov.mkучествуваше и: Наташа Бошкова, Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници Маргини Скопје.

На дописната седница и во текот на гласањето по точките од дневниот ред не учествуваачленовите на Советот: Ивана Билбиловска, Министерство за финансии иСанела Хаџибулиќ, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваaи претставници наСекторот за анализа на политиките и координација/Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска,Сања Савовска и Даниела Симоновска.

*
*   *

Д Н Е В Е Н   Р Е Д

- Усвојување на Записникот од 26. тематска (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 7.12.2020 година

1. Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година
2. Преглед на активности по Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година (за информирање)
3. Разно

*
*    *

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор,со 21 глас„за“ и ниту еден глас „против“, го усвои Записникот од 26. тематска (дописна) седница на Советот, одржана на 7.12.2020 година.

*
*    *

**<u>Точка 1</u>**

На барање на Претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска,Сузана Никодијевиќ-Филиповска ја образложи дополнетата Табела со предлог-приоритети и активности на здруженија и фондации за финансиска поддршка од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година и Извештајот од спроведениот консултативен процес со граѓанските организации преку веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации www.nvosorabotka.gov.mk во периодот од 9 до 25.12.2020 година. Претседателката на Советот оцени дека е потребно да се намали бројот на приоритети и активности.

Гордана Гапиќ-Димитровска укажа дека Советот трета седница расправа по ова прашањеи потребно е да утврди мислење за приоритетите за финансиска поддршка на здруженија и фондации, бидејќи инситуциите веќе ги доставуваат Програмите за финансирање до Владата, за нивно донесување на тематска седница на почетокот на јануари 2021 година. Вако став искажаа и Ели Чакар и Душан Томшиќ.

Сашо Секуловски информираше дека Министерството за животна средина и просторно планирање има доставено писмено мислење со укажување за преформулирање на дел од активностите во областа на животната средина.

Сабина Факиќ предложи да останат приоритетите и активностите, а нивна приоретизација да се изврши преку утврдување на различна висина на средства за секој приоритет (лот), што беше поддржано одИрена Цветковиќ иЕли Чакар, која предложи доколку нема квалитетен проект во одредена област, средствата да бидат рамномерно прераспределени во останатите области.

На барање на претседателката на Советот, а врз основа на постапката од претходни години, Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека може да се утврди различна висината на поединечен грант за секој стратешки приоритет. Исто така, вкупните средства по стратешки приоритети можат да се различни, но доколку нема квалитетни предлози во некој од приоритетите, за да се распределат преостанатите средства потребно е Владата да донесе Програма за изменување на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите.

Јане Чаловски го обраложи писменото мислење доставено од граѓанските организации одсекторотКултура, потребата да се изостават дел од активноститеида се додаде посебен приоритет:Јакнење и воведување на реформи во културниот сектор и создавање на стабилен развој на културните и на уметничките практики - и унапредување на работните услови на културните работници и уметниците согласно ЕУ агендите и стандардите.Препорача со оваа програма да се поддржат проекти со кои се поттикнува интердисциплинарен пристат, соработка и солидарност помеѓу организациите.

Лилјана Јоноскиги образложи предлозите за дополнување на активности во областа земјоделство и рурален развој и потребата да се поддржат активности што ќе поттикнат рамномерен регионален развој и економски развој на локално ниво.

По обемната дискусија на членовите, Советот оцени дека е потребно со Програмата на Владата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациитеза 2021 година да се поддржат активности што одговараат на актуелните потреби, со фокус на директна помош на граѓаните преку социјални и правни услуги за остварување на правата од економските и социјални мерки на Владата и здравствените права, поддршка на различни сектори за справување со последиците од пандемијата со Коронавирусот Covıd 19, проекти и идеи кои ќе значат примена на иновативни и трансформативни решенија со употреба на дигиталните технологии,ќе придонесат за информирање и унапредување на пристапот до јавните услуги, одговорно и транспарентно работење на институциите и ќе промовираат интердисциплинарен пристап, солидарност и заедништво, ќе обезбедат правична застапеност, рамномерен регионален развој и локален економски развој.

Советот го задолжи Одделението за соработка со невладини организации да ја корегира Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година во делот на активностите согласно расправата на седницата на Советот, да ја достави електронски до членовите на Советот на 29.12.2020 година до 9:00 часот и да организира електронско изјаснување (гласање) на членовите на Советот во траење до 12:00 часот по текстот на Предлог-програмата и по понудените алтернативи за висината на грантовите (Опција 1: 625.000 денари и Опција 2: од 600.000 до 9000.000 денари).

**Заклучоци:**

21 член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, од кои 12 члена од редот на граѓанските организации, учествуваа на електронското гласање по Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година, што се спроведе преку заштитен дел наwww.nvosorabotka.gov.mkна 29.12.2020 година, од 8:45 до 12:00 часот.

1. Со 21 глас „за“ и ниту еден глас „против“, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор утврди позитивно мислење по Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фодациите за 2021 година.

2. Со 11 гласа за Опција 2 и 10 гласа за Опција 1, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектори препорачува на Владата на Република Северна Македонија грантовите на здруженијата и фондациите да бидат во висина од 600.000 до 900.000 денари.

**<u>Точка 2</u>**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор се информираше со Прегледот на активности по Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, подготвен од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат.

**<u>Точка 3</u>**

Уранија Пировска информираше за учеството во работата на Главниот штаб за управување со кризи и побара во насока на транспарентна работа и опфаќање на поголем број теми кои се од значење за пошироката јавност, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор да ги повика граѓанските организации активно да придонесат во работата на

Главниот штаб и да доставуваат предлози на теми и актуелни прашања за разгледување на неговите седницидо номинираните два членаУранија Пировска и Зоран Дранговски.

Фани Каранфилова-Пановскаинформираше дека во рамките на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ финансиран од Европската Унијапредвидени се две полудневни обуки за членовите на Советот, при што како термини за одржување на обуките се утврдија 26.1.2021 и 2.2.2021 година.

Фани Каранфилова-Пановска предложи на наредната седница на Советот да се формира Работна група за спроведување на препораките од Анализата на финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 година до прва половина на 2019 година) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и Предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ- проектите во РСМ.

Седницатазаврши во 16:15 часот.

Претседателка на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвила: Даниела Симоновска
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска